# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

ул. Петар Дељан бр. 17, 1000 Скопје, тел.++389 2 785 420; факс. ++389 2 770 210;
E-mail: contact@kiselavoda.gov.mk, www.kiselavoda.gov.mk


**Бр. 13-2498/33 од 21.11.2019 год.**

Врз основа на член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), член 57 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје бр. 8/2005 и Службен гласник на Кисела Вода бр. 13/2006) и донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со Решение бр. 08-11142/2 од 31.12.2018 година за Детален урбанистички план за изменување и дополнување на Детален урбанистички план Реон Ј, Четврт Ј10, блок 1, Општина Кисела Вода - Скопје, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода, го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

за организирање на јавна анкета и јавна презентација
по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување на
Детален урбанистички план Реон Ј, Четврт Ј10, блок 1, Општина Кисела Вода

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границата на Блок 1 од Детален Урбанистички План Реон Ј, Четврт Ј10, Општина Кисела Вода – Скопје со одлука број 07-18/11 од 27.05.2014 година, движејќи се по оските на сообраќајници и тоа:

- северо – западно по осовина на собирна улица „Есенинова",
- северо – источно по осовина на станбена улица „Дичо Петров" и сервисна улица „Томе Томшиќ",
- југо – источно по осовина на сервисна улица „Божидар Аџија",
- југо – западно по осовина на собирна улица „Димо Хаџи Димов".

Опфатот е со површина од 3,31 ха.

Јавната анкета по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување на Детален урбанистички план Реон Ј, Четврт Ј10, блок 1, Општина Кисела Вода - Скопје, ќе се спроведе со излагожување на предлог планот во У.З. „Цветан Димов" на ул. „Томе Арсовски" бр. 49 и на www.kiselavoda.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, почнувајќи три дена од денот на објавувањето на Соопштението, секој работен ден од 08:30 – 16:30 часот, во У.З. „Цветан Димов“ на ул. „Томе Арсовски“ бр. 49, лице за контакт Ванчо Трајковски тел. 072/313-319 или на www.kiselavoda.gov.mk.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови на шалтерот на Општина Кисела Вода (барака 6) и во У.З. „Цветан Димов“ на ул. „Томе Арсовски“ бр. 49.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала, на 02.12.2019 година во 09:30 часот.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски